# Превод на Меѓународна Петиција за Стопирање на ССО Ширум Светот

Извор: [StopCSE.org | Sign the Petition [English] (comprehensivesexualityeducation.org)]

Превод: Здружение за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС
https://www.facebook.com/odnaszanas

Ние, како загрижени граѓани, медицински и ментални здравствени професионалци, верски и граѓански лидери, владини претставници, законодавци, родители, наставници и млади, кои претставуваат милиони луѓе во над 170 земји, сме длабоко загрижени бидејќи контроверзните програми за „сеопфатно сексуално образование“ (ССО), сè повеќе им се презентираат на децата ширум светот и им штетат на многу начини.

Овие многу контроверзни програми на ССО одат далеку од традиционалното сексуално образование, бидејќи тие ги индоктринираат младите да ги прифаќаат радикалните сексуални и родови идеологии, да ги промовираат сексуалните права и абортусот и да поттикнат промискуитет, сексуално однесување со висок ризик и сексуално задоволство, дури и кај најмладите деца. На кратко, овие програми се дизајнирани за драматично менување на сексуалните и родовите норми на општеството.

Сè повеќе, покрај тоа што се турка како дел од училишните програми, штетните материјали на ССО се појавуваат на училишни лаптопи, таблети и други уреди, во заедницата, програмите за воншколска настава, а сега дури и една од најголемите страници за порнографија нуди ССО.

Длабоко сме загрижени што овие опасни програми што ги сексуализираат децата ширум светот, го загрозуваат нивното здравје и ја загрозуваат нивната невиност, агресивно се промовираат и / или финансираат од организации, како што е „Планирано родителство“ (Видете: InvestigatePlannedParenthood.org“), како и разни ОН агенции, вклучувајќи ги УНИЦЕФ, Светската здравствена организација, УНФПА, УНЕСКО и ОХЧР, главно финансирани од западни влади и донатори.

Предупредуваме дека штетните материјали на ССО лажно се маскираат во програми за промовирање на воздржаност, семеен живот, превенција од ХИВ, едукација за сексуално и репродуктивно здравје и многу повеќе.

Затоа, ги повикуваме министрите за образование, службениците на владата и креаторите на политики, училишните администратори, родителите и сите што имаат одговорност за образовните политики и програми, да преземат, како нивен најголем приоритет, внимателен и критички преглед на сите материјали што се користат во нивните училишта и заедници, веднаш да ги идентификуваат и отстранат сите штетни материјали на ССО.

Исто така, ги повикуваме сите влади и агенции на ОН да престанат да промовираат и финансираат вакви штетни програми на ССО за деца и да престанат да соработуваат со организации или бизниси кои се набавувачи на ССО.

Ништо помалку од здравјето и невиноста на децата, а со тоа и иднината на нашите општества не е во прашање.